РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE-SHKUP
Бр.-Nr. 02-369/3
26.04.2024 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 12, став (2) алинеја 17 од Статутот на НУ Конзерваторски центар - Скопје, член 258 од Законот за работни односи и Решението ИП1 бр.09-248 од 17.04.2024 година (наш бр.03-369/2 од 23.04.2024 година) на Државниот инспекторат за труд, ја донесувам следната

**О Д Л У К А**
**за поништување на Огласот бр.01/2023**

1. Оглас бр.01/2023 година од 29.12.2023 година за вработување на едно (1) лице, давател на услуги, за работното место, КУЛ 03 04 Д03 003, Стручен работник за уметничко наследство, конзерватор, СЕ ПОНИШТУВА.

2. Со поништувањето на Огласот бр.01/2023 се поништуваат и правните последици од истиот.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основ на член 22 и член 23 од Законот за работните односи, член 12, став (2) алинеја 7 од Статутот на НУ Конзерваторски центар - Скопје, а согласно добиената Согласност од страна на Министерството за финансии бр.18-11995/2 од 26.11.2023 година и Годишниот план за вработување во 2023 година на НУ Конзерваторски центар - Скопје, установата објави Огласот бр.01/2023 за вработување на едно (1) лице - давател на услуга, на работно место КУЛ 03 04 Д03 003, Стручен работник за уметничко наследство, конзерватор, на неопределено време.

По огласот беа доставени пријави од пет кандидати.

Комисијата за вработување номинирана од страна на Министерството за култура (бр.32-400/1 од 11.01.2024 година), а формирана со Решение бр.02-62/2 од 16.01.2024 година од страна на вд директорот на НУ Конзерваторски центар-Скопје, ги разгледа пријавите, изврши административна селекција и интервју со кандидатите, и изработи Записник бр.02-05/7 од 01.02.2024 година, со предлог ранг листа.

Врз основ на предлог- ранг листата, вд директорот донесе Одлука бр.02-05/8 од 05.02.2024 година за избор на кандидат по огласот.

Во рокот за жалба, второрангираниот кандидат, незадоволен од изборот, благовремено поднесе Жалба до Управниот одбор на установата, како и до Државниот трудов инспекторат.

Согласно член 8-а став (1) алинеја 3 од Изборниот законик („Сл. весник на Република Македонија“, број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Сл. весник на Република С. Македонија“, број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), член 34 од став (1) алинеја 3 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси и Решението бр.09-1169/1 од 14.02.2024 година за распишување избори за пратеници на Собранието на РС Македонија донесено од претседателот на Собранието на РСМ, постапката

по Огласот бр.01/2023, со Одлука бр.02-05/10 од 16.02.2024 година беше ставена во мирување, поради што и УО на установата разгледувањето и одлучувањето по Жалбата го одложи до завршувањето на изборите.

Државниот трудов инспекторат, по барањето од второрангираниот кандидат, изврши увид во документацијата на сите кандидати по Огласот бр.01/2023 година. По увидот изработи Записник бр.0907-248 од 08.04.2024 година, во кој што констатираше дека избраниот кандидат не го исполнува условот за работно искуство до една година, а второрангираниот кандидат, односно, жалителот, ги исполнува условите од огласот.

При вршењето на увидот во документацијата на установата, државниот инспектор на трудот констатира дека условот за работното искуство до една година наведен во Огласот бр.01/2023 година не соодветствува со член 11 од Правилникот за систематизација на работните места во установата, односно во истиот е наведено “работното искуство до една година во струката“.

Врз основ на предходнонаведеното, како и тоа што работодавачот постапил спротивно на член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за работни односи, а согласно член 258 од Законот за работни односи, државниот инспектор на трудот донесе Решение ИП1 бр.09-248 од 17.04.2024 година (наш бр.03-369/2 од 23.04.2024 година) со задолжување за поништување на Јавниот оглас бр.01/2023 од 29.12.2023 година, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Согласно член 125 став 1 од Законот за општа управна постапка, со поништувањето на Огласот бр.01/2023 се поништуваат и правните последици од истиот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука, незадоволната страна може да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар-Скопје во рок од 8 дена од приемот на истата.

Доставено до:
- Архива
- Правна служба
- Огласна табла и веб страна на установата
- Државен инспекторат за труд
- Кандидати

**ВД Директор**
**Китановска Љиљана**
**Конзерватор-советник**

Изработил,
Д.Конева, рак.одделение